Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), член 109 став (2) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 10 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 26 септември 2024 година донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за отфрлање на приговор**

1. Приговорот на Џемал Кадрији од с. Добри Дол, Гостивар УП2 бр. 09-316/24 од 11 јули 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-194 од 13 март 2024 година СЕ ОТФРЛА ПОРАДИ НЕДОПУШТЕНОСТ.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### **О б р а з л о ж е н и е**

Џемал Кадрији од с. Добри Дол, Гостивар до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-316/24 од 11 јули 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-194 од 13 март 2024 година на КЕЦ Гостивар.

Според Електродистрибуција – барателот потребно е да поднесе барање за нов приклучок на следниот линк https://online.elektrodistribucija.mk/index согласно доставено решение од Регулаторна комисија за енергетика, и потоа ќе биде издадено ново Решение за согласност за приклучок на дистрибутивната мрежа за стандарден приклучок.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 6 август 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-316/24 од 11 јули 2024 година;
2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 15 јули 2024 година со прилог:

-Одобрение за градење
-Имотен лист
-Приговараното Решение

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е недопуштен.

Видно од документацијата е дека Приговорот се однесува за КП бр. 440, КО Галате, за истиот корисник, за која веќе еднаш е водена постапка пред Регулаторната комисија за енергетика и е донесено соодветно Решение УП2 09-258/24 од 08.07.2024 година.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–316/24**
**26 септември 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**